Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08 - 122/7
13.03 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 109 од Статутот, во согласност со член 19 од Правилникот за единствени правила за студирање на прв циклус на студии на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје) и во согласност со Одлуката за дополнување на Процедурата за организирање и одржување на испитни сесии за редовни студенти на прв циклус стручни студии на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии Бреинстер Некст Скопје бр. 08-122/6 од 13.03.2026 година, Наставничкиот Совет на својата 59 седница одржана на 13.03.2026 година ја донесе следната:

**ПРОЦЕДУРА**
**за организирање и одржување на испитни сесии за**
**редовни студенти на прв циклус студии на студиската програма**
**Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии**

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со оваа процедура се уредуваат видовите на испитни сесии, начинот на организирање, динамиката на одржување на испитните сесии, условите за полагање во испитните сесии, начинот на оценување и времето за доставување на резултатите од испитните сесии од страна на предметните наставници.

Поради структурата на студиската програма и поврзаноста на предметите за студентите се организираат повеќе испитни сесии за полагање на испитите, истовремено им се обезбедува повеќе време за совладување на предметниот материјал и можност за постигнување на значително повисоки резултати и стекнување повисок просек.

## II. Видови на испитни сесии

**Редовна испитна сесија**

**Член 2**

Редовна испитна сесија е испитна сесија која се организира и одржува по завршување на наставата по одреден предмет на редовен начин и согласно со академскиот календар, усвоен од страна на Наставничкиот Совет на Бреинстер Некст.

## Поправна испитна сесија

### Член 3

Поправна испитна сесија е испитна сесија која се организира и одржува по редовната испитна сесија, во која можат да полагаат студентите кои не го положиле испитот по одреден предмет во редовната испитна сесија, кои не се појавиле на испит, кои имаат направено повеќе изостаноци од дозволеното и немаат право да полагаат во редовната испитна сесија, или кои сакаат да го преполагаат испитот по одреден предмет од редовната испитна сесија за повисока оценка.

## Дополнителна (вонредна) испитна сесија

### Член 4

Дополнителна/вонредна испитна сесија се организира по исклучок и по потреба, со одлука на Наставнички Совет, како дополнителна сесија покрај утврдените редовни и поправни испитни сесии согласно со академски календар, усвоен од страна на Наставничкиот Совет на Бреинстер Некст.

## III. Редовна испитна сесија

## Начин на организирање на редовна испитна сесија

### Член 5

Редовна испитна сесија се организира и одржува 5 пати во академската година, по завршување на секој блок предавања, односно 2 пати во еден семестар, на средина и на крај на семестарот и по завршување на летниот семестар, односно во септември.

### Член 6

Во согласност со утврдената динамика од член 5 редовните испитни сесии се организираат на следниот начин:

- Редовна испитна сесија - Блок 1 (РИС - Блок 1)
- Редовна испитна сесија - Блок 2 (РИС - Блок 2)
- Редовна испитна сесија - Блок 3 (РИС - Блок 3)
- Редовна испитна сесија - Блок 4 (РИС - Блок 4)
- Редовна испитна сесија - септември (РИС 5)

Редовната испитна сесија по секој предмет се одржува по завршувањето на наставата согласно наставниот план (силабус) за предметот, односно по завршување на блокот со предмети, со определен датум во последните 2 недели од блокот, односно по завршување на предавањата по предметите.

Во редовната испитна сесија можат да се полагаат само предметите кои завршуваат во определениот блок, согласно распоредот на предавања за тековната академска година, усвоен од страна на Наставничкиот Совет на Бреинстер Некст.

Во редовната испитна сесија - септември (РИС 5) може да се полагаат сите предмети кои студентот не ги положил во претходните редовни и поправни испитни сесии, може да се преполага испит за повисока оценка при што студентот мора да ја поништи претходната оценка од испитот кој го полгала во редовна и/или поправна сесија.

**Структура на испит и оценување во редовна испитна сесија**
**Член 7**

Предметниот професор во координација со Академскиот Координатор го определува точниот датум и термин за испитот, а во согласност со академскиот календар и го најавува на Студентскиот Координатор пред да започне наставата по предметот.
Начинот на проверка на знаење (форматот на испитот) и структурата на оценување за секој предмет поединечно се утврдува во наставниот план (силабус) кој предметиот професор го доставува на првиот час на студентите, а во согласност со Правилникот за единствени правила за студирање на прв циклус на студии.

Професорот има обврска да ги достави оценките од испитот до Студентскиот координатор во рок од 7 дена по одржување на испитот, освен во исклучителни ситуации при што треба благовремено да го извести Студентскиот и Академскиот координатор на Бреинстер Некст.

**Иницирање и постапка за поништување на испит поради нерегуларности во неговото спроведување**
**Член 7-а**

Директорот на Бреинстер Некст Скопје или друго овластено тело на институцијата има право да иницира постапка за поништување на испит на еден или повеќе предмети, доколку постојат основани сомнежи или докази дека испитот не бил спроведен согласно со важечките правила и академски стандарди.

Постапката може да биде иницирана во случаи каде што постои основано сомневање за:
- Претходно објавени задачи на вежби кои потоа се користат без измена во финалниот испит,
- Неправилности во спроведувањето на испитот (ненабљудувано тестирање, дозволено препишување и сл.).

По иницирање на постапката, директорот формира трочлена комисија од редот на наставничкиот кадар, која во рок од 7 дена е должна да ја разглед документацијата, да изврши разговори со вклучените страни, и да достави мислење до директорот за поништување на испит.

Врз основа на мислењето на комисијата, директорот може:
- Да потврди дека испитот бил регуларен,
- Да наложи повторување на испитот за сите студенти.

Студентите чии испити биле поништени со одлука на директорот, имаат право да полагаат повторно во дополнителната вонредна сесија која ќе биде организирана без финансиски или административен товар за студентите.

**Услови за полагање во редовна испитна сесија**
**Член 8**

Студентот кој има остварено 70% присуство од вкупниот број на часови за соодветниот предмет има право да полага во редовна испитна сесија за секој определен предмет, во спротивно, ќе мора да го полага предметот во поправната испитна сесија.

Доколку студентот:

а. не се појави,

б. не положи,

в. не е задоволен од оценката,

на испитот во редовната испитна сесија, има право да го полага повторно испитот во поправна испитна сесија.

**Пријавување на испит**
**Член 8-а**

Студентот е должен да го пријави испитот за полагање во соодветната испитна сесија, најдоцна 3 (три) работни дена пред одржувањето на испитот, согласно со објавениот термин во академскиот календар.

Пријавувањето на испитот се врши онлајн преку студентскиот профил на платформата на Бреинстер Некст.

Студент кој нема уредно пријавен испит нема право да пристапи на полагање во соодветната испитна сесија.

Право на пријавување испит има студент кој ги исполнува условите за полагање утврдени во член 8 од оваа Процедура, го има регистрирано предметот и против кого не е изречена дисциплинска мерка со која му се ограничува правото на полагање.

Доколку студентот при пријавување на испит достави неточни податоци, злоупотреби туѓ студентски профил, изврши неовластена измена или манипулација со системот за пријавување, или на друг начин постапува спротивно на правилата за академски интегритет и регуларност на испитниот процес, против истиот ќе се поведе постапка согласно Правилникот за дисциплински мерки на Бреинстер Некст.

## IV. Поправна испитна сесија

### Начин на организирање на поправна испитна сесија
### Член 9

Поправна испитна сесија се организира и одржува 4 пати во академската година (за тековната академска година), во термини пропишани во академскиот календар.
Поправна испитна сесија се одржува по спроведување на редовна испитна сесија во блокот, односно во рамки на термините предвидени за редовна испитна сесија согласно академскиот календар.

### Член 10

Во согласност со утврдената динамика од член 9 поправните испитни сесии за секој блок се организираат на следниот начин:

- Поправна сесија 1 - Блок 1 (ПИС 1 - Блок 1)
- Поправна сесија 2 - Блок 1 (ПИС 1 - Блок 2)
- Поправна сесија 3 - Блок 1 (ПИС 1 - Блок 3)
- Поправна сесија 4 - Блок 1 (ПИС 1 - Блок 4)

Овој пристап се применува за секој Блок, односно за предметите во рамки на секој Блок.

### Услови за полагање во поправна испитна сесија
### Член 11

Студентот има право да полага испит еднаш во редовната сесија, и последователно во сите 4 поправни сесии за што задолжително треба да пријави во која поправна испитна сесија ќе го полага предметот.
Согласно ова, студентот има право секој предмет да го полага вкупно 5 пати односно прв пат во редовната и уште најмногу 4 пати во последователните поправните сесии.
Во повеќе од една поправна сесија може да се полагаат сите предмети од тековната академска година кои студентот ги нема положено.
Доколку студент сака да преполага испит за повиска оценка има право на полагање во првата поправна сесија по редовната, без притоа да му се поништи претходната оценка. Во секоја друга сесија мора да ја поништи претходно добиената оценка.

## V. Дополнителна - вонредна испитна сесија

### Начин на организирање на дополнителна/вонредна испитна сесија
### Член 12

Дополнителна/вонредна испитна сесија се организира и одржува еднаш во годината и се одржува по исклучок и по потреба, со одлука од Наставничкиот Совет во која се утврдени

предметите за кои ќе се организира оваа сесија, и се спроведува на крај на пролетниот или летниот семестар односно во јуни или септември.

**Услови за полагање во дополнителна/вонредна испитна сесија**
**Член 13**

Во дополнителната/вонредна испитна сесија може да се полагаат сите предмети кои студентот не ги положил во редовна и поправна испитна сесија, и воедно може да полага предмети кои ги положил со цел постигнување повисока оценка, доколку предметите се утврдени со одлука од Наставничкиот Совет.
Студентот има обврска да ги пријави предметите кои ќе ги полага во вонредната испитна сесија.

**Преодни и завршни одредби**
**Член 14**

Оваа процедура стапува во сила со денот на донесувањето, а се применува од академската 2025/2026 година.

**Член 15**

Процедурата да се достави до: директорот, членовите на Наставничкиот Совет, академскиот координатор, администрацијата и до архивата на Бреинстер Некст.

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**
**М-р Анја Макеска**

Прилог 1:  Индикативен шематски приказ на редовни и поправни испитни сесии

| Академска 1 | | | | | Академска 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Блок 1<br>Редовна | Блок 2<br>Редовна | Блок 3<br>Редовна | Блок 4<br>Редовна | 5-та поправна | Блок 1<br>Редовна | Блок 2<br>Редовна | Блок 3<br>Редовна | Блок 4<br>Редовна | 5-та поправна |
| Ное/Дек | Фев/Мар | Апр/Мај | Јун/Јул | Септември | Ное/Дек | Фев/Мар | Апр/Мај | Јун/Јул | Септември |
| | Поправна 1 за Блок 1 | Поправна 2 за Блок 1<br>Поправна 1 за Блок 2 | Поправна 3 за Блок 1<br>Поправна 2 за Блок 2<br>Поправна 1 за Блок 3 | Поправна 4 за Блок 1<br>Поправна 3 за Блок 2<br>Поправна 2 за Блок 3<br>Поправна 1 за Блок 4 | Поправна 4 за Блок 2<br>Поправна 3 за Блок 3<br>Поправна 2 за Блок 4 | Поправна 4 за Блок 3<br>Поправна 3 за Блок 4 | Поправна 4 за Блок 4 | | |
| Предмет 1<br>(Блок 1) | Предмет 1<br>(Блок 1) | Предмет 1<br>(Блок 1) | Предмет 1<br>(Блок 1) | Предмет 1<br>(Блок 1) | | | | | |
| Предмет 2<br>(Блок 1) | Предмет 2<br>(Блок 1) | Предмет 2<br>(Блок 1) | Предмет 2<br>(Блок 1) | Предмет 2<br>(Блок 1) | | | | | |
| | Предмет 3<br>(Блок 2) | Предмет 3<br>(Блок 2) | Предмет 3<br>(Блок 2) | Предмет 3<br>(Блок 2) | Предмет 3<br>(Блок 2) | | | | |
| | Предмет 4<br>(Блок 2) | Предмет 4<br>(Блок 2) | Предмет 4<br>(Блок 2) | Предмет 4<br>(Блок 2) | Предмат 4<br>(Блок 2) | | | | |
| | | Предмет 5<br>(Блок 3) | Предмет 5<br>(Блок 3) | Предмет 5<br>(Блок 3) | Предмет 5<br>(Блок 3) | Предмет 5<br>(Блок 3) | | | |
| | | Предмет 6<br>(Блок 3) | Предмет 6<br>(Блок 3) | Предмет 6<br>(Блок 3) | Предмет 6<br>(Блок 3) | Предмет 6<br>(Блок 3) | | | |
| | | | Предмет 7<br>(Блок 4) | Предмет 7<br>(Блок 4) | Предмет 7<br>(Блок 4) | Предмет 7<br>(Блок 4) | Предмет 7<br>(Блок 4) | | |
| | | | Предмет 8<br>(Блок4) | Предмет 8<br>(Блок4) | Предмет 8<br>(Блок4) | Предмет 8<br>(Блок4) | Предмет 8<br>(Блок4) | | |

Прилог 2: Шематски приказ на предметите на студиската програма Примена на информациски технологии - Дигитален дизајн и интерактивни технологии

| | СЕМЕСТАР 1 | | СЕМЕСТАР 2 | |
|---|---|---|---|---|
| ПРВА ГОДИНА | Блок 1 | Блок 2 | Блок 3 | Блок 4 |
| | Историја и основи на дизајн | Визуелна комуникација | Типографија | Дизајнирање на бренд идентитет |
| | Векторска графика (Illustrator) | Растерска Графика (Photoshop) | Компјутерска подготовка на печатени и дигитални медиуми (InDesign) | Имлементација на решение |
| | СЕМЕСТАР 3 | | СЕМЕСТАР 4 | |
| ВТОРА ГОДИНА | Блок 1 | Блок 2 | Блок 3 | Блок 4 |
| | Процес на дизајнирање на корисничко искуство | Прототипирање | Софтверско дизајнирање на кориснички интерфејс | Имлементација на решение |
| | Применета математика | Методологии за истражување на корисничко искуство | Евалуација и тестирање на корисничкото искуство | Изборни предмети:<br>Дизајн методологија на размислување / Дизајнирање на пакување |
| | СЕМЕСТАР 5 | | СЕМЕСТАР 6 | |
| ТРЕТА ГОДИНА | Блок 1 | Блок 2 | Блок 3 | Блок 4 |
| | Компјутерско програмирање 1 | Дизајн на игри | Компјутерско програмирање 2 | 3Д моделирање |
| | Изборни предмети:<br>Професионални вештини / Дигитален маркетинг | Анимација | Изборни предмети:<br>Претприемништво и иновации / Продукт менаџмент | Дипломска работа |